# Спортски спој:

## „Сеат“ и Велосипедското друштво „Енерџи“







На почетокот од годината „Сеат“ официјално потпиша договор за соработка со Велосипедското друштво „Енерџи“. „Сеат“ е бренд што во континуитет го поддржува спортскиот и здравиот начин на живеење. Самиот бренд изобилува со емоции и за своја цел ја има популацијата што сака да живее здраво и авантуристички. Токму овие луѓе се членови на еден од најголемите и најпознатите велосипедски клубови во Македонија. Спојот на спортскиот дух, современиот начин на живот и на уживањето во убавото е она што ги поврзува двата бренда.

На нивно огромно задоволство, „Сеат“ почнува соработката со клубот „Енерџи“, кој постои веќе три години и има педесет членови. Од самото постоење до денес, имаат континуиран, подем што се гледа во фактот што минатата година екипата на официјалната ранг-листа на Велосипедската федерација на Македонија беше рангирана на 5. место екипно и на 3. место индивидуално. Ова година планираат да се организираат 5 натпреварувачки и повеќе од 10 рекреативни настани.

Она што можеме да го најавиме е трката Критериум 1, која ќе се одржи на 23 мај 2009 година (сабота), во 16.30 часот со старт од плоштадот Пела. Сите љубители на овој спорт може да дојдат и да уживаат во трката.

„Сеат“ планира и понатаму да продолжи со долгорочната инвестиција во развивањето на здравиот живот, натпреварувачки дух и на спортскиот начин на живеење.